Врз основа на член 20 од Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019) и член 17 од Статутот на ЈПВ Лисиче-Велес, Директорот на Јавното претпријатие за водостопанство Лисиче-Велес на 09.04.2024 година донесе

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ВОДОСТОПАНСТВО
ЛИСИЧЕ
Бр. 03-149/2
09.04.2024 год.
ВЕЛЕС

Р Е Ш Е Н И Е

Член 1

Барањето на податоци за колку услуги односно документи издава ЈПВ Лиисче-Велес за граѓаните и правните лица, поднесено од Васе Ефтимов со живеалиште во Пробиштиоп, ул. Х.Т.Карпош 12 доставено по електронска пошта на ден 29.03.2024 година, заверено со наш бр. 03-149/1 од 29.03.2024 година е одговорено позитивно и одговорите по барањето се во прилог на ова Решение.

Член 2

Ова Решение стапува во сила со денот на донесувањето.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

До ЈПВ Лисиче-Велес по електронски пат на ден 29.03.2024 година е поднесено барање од Васе Ефтимов со живеалиште во Пробиштиоп, ул. Х.Т.Карпош 12, заверено со наш бр. 03-149/1 од 29.03.2024 година. Барањето на податоците е за колку услуги односно документи издава ЈПВ Лиисче-Велес за граѓаните и правните лица, истото е разгледано и е постапено, согласно податоците со кое Имателот на информации располага. Прилог на ова Решение се одговорите дадени поединечно.

Доставено до :
-Васе Ефтимов на е-маил

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение Барателот на информации може да поднесе жалба во рок од 15 дена до Агенција за слободен пристап на информации од јавен карактер.

Изработил: Душица Пешова,Раководител на одд.за општо-правни раб.и човечки ресурси

ЈПВ Лисиче-Велес
Директор
Панче Иванов

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ВОДОСТОПАНСТВО ЛИСИЧЕ ВЕЛЕС

Хидросистемот Лисиче е повеќенаменски објект за водоснабдување на населението во градот Велес и околните населени места, снабдување на индустријата со технолошка вода, наводнување на земјоделските површини по течението на река Тополка на 4.175 ха , како и наводнување од акумулацијата Младост на уште 1.600 ха од левата страна на реката Вардар.
Основна дејност на ЈПВ Лисиче-Велес е да ги обезбеди потребните количини сурова вода наменета за водоснабдување на градот Велес и околните населени места.

-ЈПВ Лисиче-Велес издава Потврда за успешна соработка или реализација на договор со Носителите на јавната набавка со кои има склучен договор по пат на јавна набавка.

-излезни фактури за испорака на вода до ЈКП Дервен Велес,

-излезни фактури за водокорисници за наводнување, кои имаат склучени договори,

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ВОДОСТОПАНСТВО ЛИСИЧЕ ВЕЛЕС